**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДОЈРАН**
УП1Бр.12-173 од 27.07.2023год.

Градоначалникот на општина Дојран, решавајки по барањето на Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга, со бр. УП1Бр.12-173 од 28.06.2023година, за одобрување на Планска програма, врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 32/20), го издава следното:

## Р Ш Е Н И Е

Се одобрува Планска програма, со технички број **03-22-1/23 од Јуни.2023год.**, изработена од **Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга**, за изработка на **Урбанистички план за с.Николиќ, КО Николиќ, Општина Дојран - Измена и дополнување на Блок 1 и Блок 2.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот **Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга**, поднесе барање за одобрување на Планска програма, со технички број **03-22-1/23 од Јуни.2023год.**, изработена од **Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга**, за изработка на **Урбанистички план за с.Николиќ, КО Николиќ, Општина Дојран - Измена и дополнување на Блок 1 и Блок 2.**

Со барањето ја приложи следната документација:

- **Планска програма за За изработка на Урбанистички план за с.Николиќ, КО Николиќ, Општина Дојран - Измена и дополнување на Блок 1 и Блок 2, изработена од Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга со Тех.број 03-22-1/23 од Јуни.2023год.,**
- Предлог за одобрување на планска програма од комисијата за урбанизам,
- Графички дел со Ажурирана геодетска подлога за планскиот опфат,

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Дојран со решение Бр.04-566/1 од 28.04.2022година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Планската програма може да се одобри,
Истото го потврди со Предлог за одобрување со број УП1Бр.12-173 од 19.07.2023год.

Градоначалникот на општина Дојран по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од член 44 од од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.32/20), и член 58 од Правилникот за Урбанистичко планирање.

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на општина Дојран одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Изработил:Блажо Катранџиев

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ДОЈРАН

АНГО АНГОВ